# Правила за користење на автобуски транспорт

Децата коишто го користат автобускиот транспорт мора да се однесуваат според соодветните правила  кои се поставени во секој автобус. Секое нарушување на правилата ќе биде пријавено кај родителот или кај директорот на училиштето. Учениците кои не ги почитуваат правилата постои можност да бидат привремено суспендирани од услугата или да им се забрани користење на услугата во текот на подолг временски период.

- Со цел да се почитува распоредот на училиштето и на другите ученици, ученикот треба да стаса навреме за одење или за враќање од училиштето. Возачите нема да можат да ги чекаат учениците кои доцнат, ниту пак да свират или да заѕвонат на нечија врата за да го најават своето пристигнување.
- Учениците кои се на возраст од/под 12 години треба да бидат придружувани од возрасно лице наутро, кога автобусот ги зема учениците за училиште, и да бидат пречекани од возрасно лице попладне, кога автобусот ги враќа учениците.
- Учениците мора да седат на нивните назначени седишта со врзан безбедносен појас.
- Забрането е внесување храна, пијалаци и гуми за џвакање.
- Учениците мора да седнат на своите седишта веднаш штом ќе влезат во автобусот. Доколку не се почитува ова правило, може да се случи некој да падне и да се повреди.
- Задолжително е пристојно однесување во согласност со правилата истакнати во секој автобус. Учениците се исто така обврзани да се однесуваат според правилата наведени во правилникот за родители и ученици (Student Parent Handbook).
- Учениците се одговорни за секоја штета која ќе ја направат во автобусот, вклучувајќи го и оштетувањето на седиштата.
- Учениците треба да бидат пристојни и целосно да ги следат сите инструкции кои ќе им бидат дадени од возачот на автобусот. Нема да се толерира никаква непристојност од страна на ученикот.
- Учениците треба да покажат почит кон своите соученици со кои се возат во автобусот. Во случај на несоодветно однесување, ќе биде поднесен извештај.
- Учениците треба да го чекаат автобусот на тротоарот, додека автобусот не застане.
- Учениците треба да бидат внимателни  и дисциплинирани при симнувањето од автобусот. Тие треба да се тргнат настрана при неговото тргнување и да почекаат автобусот да замине пред да ја преминат улицата.
- Децата кои нема да ги почитуваат горенаведените правила најнапред ќе бидат опоменати, а  доколку е потребно, ќе имаат средба и со директорот.  **При постојано прекршување на правилата, на ученикот ќе му биде одземено правото на возење во училишниот автобус, а родителите ќе го изгубат правото на надоместок на неискористените средства.**
- Учениците треба да ги чуваат своите торби на подот, а не на седиштата или на грбот. Лични работи не смеат да се оставаат ниту во просторот помеѓу седиштата.
- Учениците не смеат да ги отвораат вратите од автобусот – тоа е должност на возачот.